**ЗАПИСНИК**

***од Седуманаесеттата седница на Националниот совет за евроинтеграции одржана на 28 октомври 2013 година, 7 ноември 2013 година и 8 ноември 2013 година, во сала на Уставна комисија, Собрание на Република Македонија***

Седницата на Националниот совет за евроинтеграции започна на 28 октомври 2013 година во 13.35 часот, продолжи на 7 и 8 ноември 2013 година, до 14.57 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г-ѓа Радмила Шекеринска, претседател на Националниот совет за евроинтеграции.

На седницата на Советот која се одржа на 28 октомври 2013 година, присуствуваше Н.Е. г.Аиво Орав, шеф на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија и г.Ричард Ховит пратеник во Европскиот парламент и известител за Република Македонија во Европскиот парламент.

На седницата беа поканети амбасадорите на земјите-членки на Европската унија во Република Македонија. На седницата одржана на 28 октомври 2013 година, присуствуваа Н.Е. Кристофер Ивон, амбасадор на Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска во Република Македонија и Н.Е. Фернандо де Галаинена Родригез, амбасадор на Кралството Шпанија во Република Македонија.

На седницата која се одржа на 28 октомври 2013 година присуствуваа и г.Роберт Лидл раководител на Одделот за политички прашања, правда и внатрешни работи, информирање и комуникации во Делегацијата на ЕУ во Република Македонија и г-ѓа Марина Курте советник за европски интеграции и правни прашања во Делегацијата на ЕУ во Република Македонија. На седницата присуствуваа претставници од Службата на Собранието на Република Македонија и медиумите.

На седницата на Советот присуствуваа: г-ѓа Радмила Шекеринска, претседател на Советот, г-ѓа Силвана Бонева, потпретседател на Советот, г. Фатмир Бесими, вицепремиер за европски прашања и член на Советот г. Илија Димовски, г-ѓа Мерал Узеири Ферати, г.Тито Петковски, г.Хајрула Мисини, г.Антонио Милошоски и г.Кенан Хасипи пратеници и членови на Советот, г.Реџаиљ Исмаили, г.Сафет Бишевац, г.Александар Николоски и г-ѓа Христина Рунчева, пратеници и заменици-членови на Советот, г.Димитар Мирчев, претставник од Кабинет на Претседателот на Република Македонија, г. Насер Селмани од Здружението на новинари на Македонија, г.Антони Пешев од Стопанска комора на Македонија, г.Живко Митревски претседател на Сојузот на синдикати на Македонија, г.Дојчин Цветановски од Конфедерација на слободни синдикати на Македонија и г-ѓа Тања Хафнер Адеми од Граѓанска платформа на Македонија.

На седницата на Советот присуствуваа г.Ивон Величковски, г-ѓа Лилјана Затуроска, г. Панче Орцев, г-ѓа Светлана Мазгалоска Вучетиќ, г-ѓа Станка Анастасова,

г.Имер Алиу, г.Миле Андонов, г.Самка Ибраимовски, г.Мевмед Џемајлоски, г-ѓа Садије Илјази и г.Беким Ќоку, пратеници во Собранието на Република Македонија.

На седницата беше предложен и усвоен следниот:

**Дневен ред:**

1. **Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2013 година.**

Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2013 година го презентираше Н.Е. г.Аиво Орав, шеф на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија. Во презентацијата на Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2013 година, г. Орав истакна дека е особено важно што Европската комисија по петти пат даде препорака за почеток на преговорите со Република Македонија. Препораката значи дека Комисијата верува дека земјата е подготвена да ги започне пристапните преговори. Извештајот на Европската комисија го покрива периодот од 1 септември 2012 до 31 август 2013 година, претставува платформа за натамошната работа. Во Извештајот нагласени се следните прашања: политичкиот дијалог кој е мошне важен и треба да продолжи, слободата на медиумите, владеењето на правото, борбата против корупција и добрососедските односи. Во периодот до одржувањето на декемврискиот состанок на Советот на ЕУ, се очекува да биде постигнат дополнителен напредок во наведените области.

За прв пат на седница на Националниот совет за евроинтеграции присуствуваше и учествуваше во дебата, г.Ричард Ховит пратеник во Европскиот парламент и известител за Република Македонија во ЕП. Според г.Ховит, Националниот совет за евроинтеграции има клучна улога во постигнувањето на широк национален консензус за европската интеграција, како и за политичкиот дијалог, што е потенцирано и во овогодишниот Извештај на Европската комисија. Од негова страна беше покажан интерес какво е размислувањето на Националниот совет, во иднина да ја ефектуира препораката од Извештајот на Европската комисија, како и за кој дел од Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2013 година, постои согласност, односно несогласување меѓу членовите и претставниците на Советот. Улогата на г.Ховит, како известител во ЕП за Република Македонија, е да ја согледа реалната состојба во државата и постигнатиот напредок, да оствари консултации и да изгради консензус со колегите од Европскиот парламент за да се постигне политичка согласност за почеток на пристапните преговори. Европскиот парламент е независна институција од Европската комисија која самостојно ги определува своите проценки. Во однос на реформата на јавната администрација, г. Ховит истакна дека и оваа година се повторуваат забелешките на Европската комисија, дополнителни напори за гарантирање на професионалност и независност на администрацијата и правична застапеност. Отсуството на конкретниот број на вработени во администрацијата претставува загриженост кај земјите-членки. Вклучувањето на граѓанското општество во парламентарниот процес и донесувањето на одлуките е особено значајно. Извештајот на ЕК за напредокот на Република Македонија за 2013 година, е особено важен за државата, истиот нема некои големи економски предизвици, а во однос на законодовството треба да се унапреди во делот на слободата на движење на капитал и

стоки. Известителот Ховит покажа интерес за договорот со Руската федерација за гасоводот и прашањето колку истиот е компактибилен со целите на државата, како и за предлозите во областа на развојот на обновливата енергија. Справувањето со корупцијата е особено важно прашање за сите земји од Западен Балкан. Важен чекор што треба да се преземе е спроведувањето на препораките од Анкетната комисија за настаните од 24 декември 2012 година. Во измените на Деловникот на Собранието треба да се интегрираат сите политички партии во духот на потпишаниот меѓупартиски Меморандум, предност ќе биде доколку измените се донесат пред одржувањето на декемврискиот состанок на Советот на ЕУ. Слободата на изразување и состојбите во медиумите ќе биде едно од главните прашања за кои ќе се дискутира во Европскиот парламент. Господинот Ховит истакна дека Република Македонија не може да остане во статус кво позиција. Ставот на Европската комисија и Европскиот парламент, како и негов личен став е дека Копенхашките критериуми се доволно исполнети, но дека дел од земјите-членки на ЕУ не се согласуваат со тоа. За ова прашање треба да се дискутира пред декемврискиот состанок на Советот на ЕУ, со цел да се убедат сите земјите-членки.

Заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, г. Фатмир Бесими, информираше дека веднаш по добивањето на Извештајот на ЕК за напредокот на Република Македонија за 2013 година, одржан е состанок на Работниот комитет за евроинтерации и подготвена е анализа на Извештајот од страна на Секретаријатот за европски прашања. Сите одговорни институции презедоа обврска да подготват ревизија на НПАА за 2014 година и да се земат во предвид препораките дадени од Извештајот на Европската комисија. За целосно исполнување на препораките на Европската комисија, потребна е соработка меѓу сите институции, Владата, Собранието, политичките партии, граѓанското општество и медиумите. Реформите кои се преземаат и отворениот конструктивен пристап кон соседите се комплементарни аспекти во процесот на интеграција во ЕУ. За Република Македонија особено е значајно да ги започне пристапните преговори, што ќе придонесе за интензитет на реформите и за решавањето на прашањето со Република Грција.

Во расправата на седницата одржана на 28 октомври 2013 година, со свои дискусии, сугестии и препораки, учествуваа: г-ѓа Радмила Шекеринска претседател на Националниот совет за евроинтеграции, г-ѓа Силвана Бонева потпретседател на Советот; г.Антонио Милошовски, г.Тито Петковски, г-ѓа Мерал Узеири-Ферати пратеници и членови на Советот; г.Сафет Бишевац пратеник и заменик-член на Советот; г.Димитар Мирчев претставник од Кабинет на претседателот на Република Македонија; г-ѓа Тања Хафнер-Адеми претставник од Граѓанската платформа на Македонија и г.Насер Селмани претставник од Здружението на новинари на Македонија.

Во текот на седницата одржана на 28 октомври 2013 година, на членовите и претставниците на Националниот совет за евроинтеграции им беа поделени предлог-заклучоци на кои требаше да достават свои коментари и предлози. Седницата на 29 октомври 2013 година траеше до 15.33 часот.

<u>Првото продолжение на Седумнаесеттата седница</u> на Националниот совет за еворинтеграции се одржа на 7 ноември 2013 година со почеток во 10.05 часот во сала на Уставна комисија со Собранието на Република Македонија. Првото продолжение од Седумнаесеттата седница траеше до 11.45 часот.

На Првото продолжение на Седумнаесеттата седница на Советот присусуствуваа: г-ѓа Радмила Шекеринска, претседател на Советот, г-ѓа Силвана Бонева, потпретседател на Советот, г. Илија Димовски, г-ѓа Сузана Салиу, г.Гордан Георгиев, г. Хајрула Мисини, г. Антонио Милошоски и г. Кенан Хасипи, пратеници и членови на Советот, г.Сафет Бишевац, г.Орхан Ибраими и г-ѓа Христина Рунчева, пратеници и заменици-членови на Советот, г.Антони Пешев од Стопанска комора на Македонија, г-ѓа Тања Хафнер Адеми од Граѓанска платформа на Македонија и г.Благоја Младеновски од Еврејската заедница на Македонија.

На Првото продолжение на Седумнаесеттата седнива на Советот присуствуваше и г. Беким Фазлиу, пратеник во Собранието на Република Македонија.

Во расправата на Првото продолжение од Седумнаесеттата седница, со свои дискусии, сугестии и препораки, учествуваа: г-ѓа Радмила Шекеринска претседател на Советот, г-ѓа Силвана Бонева потпретседател на Советот, г.Хајрула Мисини, г.Антонио Милошоски, г.Илија Димовски, г.Кенан Хасипи, г-ѓа Сузана Салиу, г. Гордан Георгиев, пратеници и членови на Советот, г-ѓа Тања Хафнер Адеми од Граѓанска платформа на Македонија и г.Антони Пешев, од Стопанска комора на Македонија.

Второто продолжение на Седумнаесеттата седница на Советот се одржа на 8 ноември 2013 година со почеток во 13.40 часот во сала на Уставна комисија во Собранието на Република Македонија. Второто продолжение од Седумнаесеттата седница заврши во 14.57 часот.

Второто продолжение на Седумнаесеттата седница го отвори и со него претседаваше г-ѓа Радмила Шекеринска, претседател на Националниот совет за евроинтеграции.

На Второто продолжение на Седумнаесеттата седница на Советот присуствуваа: г-ѓа Радмила Шекеринска претседател на Советот, г-ѓа Силвана Бонева потпретседател на Советот, г.Александар Спасеновски, г-ѓа Сузана Салиу и г.Кенан Хасипи, пратеници и членови на Советот, г.Сафет Бишевац и г.Орхан Ибраими пратеници и заменици-членови на Советот, г.Живко Митревски претседател на Сојузот на синдикати на Македонија, г.Дојчин Цветановски од Конфедерација на слободни синдикати на Македонија, г-ѓа Тања Хафнер Адеми од Граѓанска платформа на Македонија и г.Благоја Младеновски од Еврејската заедница на Македонија.

На Второто продолжение на Седумнаесеттата седница на Советот присуствуваше и г-ѓа Ленче Николовска пратеник во Собранието на Република Македонија.

Во расправата на Второто продолжение од Седумнаесеттата седница со свои дискусии, сугестии и препораки, учествуваа: г-ѓа Радмила Шекеринска, претседател на Советот, г-ѓа Силвана Бонева, потпретседател на Советот, г.Кенан Хасипи, г-ѓа Сузана Салиу пратеници и членови на Советот, г.Орхан Ибраими заменик член на Советот и г. Живко Митревски, претседател на Сојузот на синдикати на Македонија.

Претседателот на Советот, г-ѓа Радмила Шекеринска констатираше дека членовите на Националниот совет за евроинтеграции и на Второто продолжение од

Седумнаесеттата седница не постигнаа консензус по предлог-заклучоците по Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2013 година.

Составен дел на овој записник се Стенографските белешки од 17-та седница и списоците на присутни членови и претставници на Советот и нивните заменици од седницата одржана на 28 октомври 2013 година, 7 ноември и 8 ноември 2013 година.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

**Радмила Шекеринска**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Собрание на Република Македонија СКОПЈЕ

30-1007/1
18.02.2014

Раководител на Секторот за поддршка
на Националниот совет за евроинтеграции,

Даниела Велковска